Заедничкото одделение за енергетска ефикасност и Инфо Центарот за енергетска ефикасност се формирани врз основа на одредбите од Законот за меѓуопштинска соработка со одлуки донесени од страна на советите и Договор потпишан од страна на градоначалниците на 8 општини во регионот Неготино, Велес, Кавадарци, Демир Капија, Росоман, Чашка, Градско и Лозово.

Формалното воспоставување и почетно функционирање на заедничкото одделение беше технички и финансиски потпомогнато од страна на Канцеларијата на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во Скопје, Центарот за развој на ВПР и 8 општини од регионот.

Основните функции на ова одделение се поврзани со подобрување на локалното управувањето со енергијата, вклучувајќи ја енергетската ефикасност на јавните објекти во општините од Вардарски плански регион.

**Целна група (директни корисници):**

- Избраните претставници - градоначалниците и општинските членови на советот

- Државни и јавни службеници од општините партнери
- Раководители на општинските јавни служби
- Корисниците на јавни објекти, како што се државна и јавна администрација, деца и ученици

- Пошироката заедница (поради подобреното јавно осветлување)
- Центарот за развој на Вардарски плански регион

**Преку реализација на овие функции се очекува дека:**

- Заедничкото одделение за Енергетска ефикасност ќе биде способно за самостојна идентификација на потрошувачката на енергија во јавните згради и установи на територијата на 8-те општини преку употреба на соодветната опрема за Енергетска ефикасност која е на располагање на вработените во одделението;

- Ќе се спроведе со закон утврдената обврска за подготовка и спроведување на Програмите за енергетска ефикасност и Годишните планови за имплементација на Програмата од страна на вклучените општини партнери;

- Ќе се подигне степенот на запознаеност на локалните заедници и клучните чинители со корист од примена на мерки за енергетска ефикасност.
- Ќе се создаде база на податоци за кредитни линии, повици од донатори од областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија и ќе се испорача помош при подготовка на проектни апликации, јавни повици и сл.

Инфо Центарот за енергетска ефикасност и Канцеларијата на заедничкото одделение се лоцирани во просторот на т.н Желкова Куќа во Општина Неготино, а опремувањето на просторот беше направено со финансиски средства на Канцеларијата на Програмата за развој на Обединетите Нации - УНДП во Скопје.